Врз основа на член 3 од Одлуката за определување локации за поставување на урбана опрема - подвижни објекти, подвижни апарати и други направи во Градскиот парк Скопје, парк на природата Гази Баба, СРЦ Сарај, „Рајски парк“ во Ново Лисиче и кеј на река Вардар (“Службен гласник на Град Скопје” бр.10/22), Градоначалникот на Град Скопје објавува

**Ј А В Е Н   П О В И К**
**за доделување на локации за поставување на урбана опрема**

**1. Предмет**

1.1 Предмет на јавниот повик е доделување на локации за поставување на урбана опрема и други подвижни направи во Парк Гази Баба, Рајски парк, СРЦ Сарај, кеј на река Вардар и Градски парк во Скопје.

1.2 Урбаната опрема ќе се поставува на 32 локации во Градски парк, 4 локации во СРЦ Сарај, 3 локации во Парк Гази Баба, 3 локации на кеј на р. Вардар, 2 локации во Рајски парк

1.3 Локациите од потточката 1.2 се утврдени во графичкиот приказ кој е составен дел на Одлуката за определување локации за поставување на урбана опрема - подвижни објекти, подвижни апарати и други направи во Градскиот парк Скопје, парк на природата Гази Баба, СРЦ Сарај, „Рајски парк“ во Ново Лисиче и кеј на река Вардар (“Службен гласник на Град Скопје” бр.10/22).

1.4 Под подвижни објекти се подразбираат објекти на сопствен погон или приколка која нема сопствен погон на движење, односно специјализирани возила за улична продажба, со должина до 4 метри и висина до 3 метри во кои можат да се даваат конфекционирани угостителски услуги кои немаат негативни еколошки влијанија врз околината (користат агрегат за напојување со струја, со ниска бучавост, високо квалитетен, нема индустриски агрегат и да има сертификат дека има ниска емисија на штетни гасови).

1.5 Максималната површина на локацијата на која се поставува урбаната опрема - подвижните објекти, подвижни апарати и други подвижни направи е до 16м2, а во која се опфатени подвижниот објект, односно подвижниот апарат или друга подвижна направа, манипулативен простор, урбана опрема во функција на користењето на локацијата - корпа за отпадоци.

1.6 Урбаната опрема - подвижни објекти, подвижни апарати и други подвижни направи, поставена на определена локација, може да се користи само за продажба на сладолед, пијалоци, кондиторски производи, подготвување на пуканки, шеќерна волна, крофни, палачинки и слични производи.

1.7 Поставените објекти, подвижни апарати и направи не треба да содржат озвучување или аудио системи за пуштање музика.

1.8 На урбаната опрема од потточка 1.6 на јавниот повик може да се поставуваат рекламни натписи не поголеми од димензиите на

предниот дел на објектот на кој се поставуваат и нивната димензија (висина и широчина) е составен дел на вкупната димензија на објектот.

1.9 На локациите утврдени во потточката 1.2 од јавниот повик може да се поставуваат подвижни објекти, подвижни апарати и други подвижни направи кои имаат дизајн и изглед кој не го нарушува амбиентот на околината каде се поставени.

1.10 Урбаната опрема од потточка 1.6 на јавниот повик не може да се користи за продавање на семкарски и јаткасти производи.

## 2. Временска рамка за користење на локациите

2.1 Локациите на кои е поставена урбаната опрема - подвижните објекти, подвижните апарати и други направи се даваат на користење за период од 1 мај до 30 ноември во тековната година.

## 3. Услови и постапка

3.1 Право на учество на јавниот повик имаат сите правни лица заинтересирани за користење на локациите утврдени во потточката 1.2 од јавниот повик.

3.2 Барателот треба да има регистрирано дејност во Централен регистар на Република Северна Македонија.

3.3 Кон барањето за користење на локацијата за поставување на подвижниот објект, Барателот е должен да ја достави следната документација:

- доказ за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- доказ за поседување на фискален апарат/Доказ за поднесено барање за издавање на фискален апарат до УЈП, не постаро од 15 дена,
- изјава за плаќање на паричен износ за покривање на трошоците за уредување и одржување на јавна површина која се користи за поставување на подвижниот објект за период од 1 мај до 30 ноември во тековната година;
- графички прилог - скица со точни димензии на подвижниот објект и
- бараната локација и изглед на урбаната опрема која се поставува (фотографија).

3.4 На заинтересираните правни субјекти кои ги исполнуваат условите од точка 3 ќе им биде одобрено користење на локација за поставување на подвижните објекти, согласно принципот “Прв дојден - прв услужен” (заведени во ден, час, минута, секунда);

3.5 Пред добивањето на одобрението избраниот правен субјект е должен да плати комунална такса согласно важечките прописи како и да се подмири обврската кон ЈП Паркови и зеленило- Скопје за чистење на јавни зелени површини за поставување на урбана опрема согласно Ценовникот за услуги за вршење на вонредни активности на ЈП Паркови и зеленило - Скопје.

3.6 По добивање на одобрение за поставување на урбана опрема- подвижни објекти, избраниот субјект е должен да склучи договор со ЈП Комунална хигиена – Скопје за транспортирање и депонирање на отпад, како и да достави Решение за регистрација на мобилен објект издадено од Агенција за храна и ветеринарство, во рок од 7 дена од денот на добивање на одобрението,

3.7 Рокот за поднесување на пријавите е 10 дена од денот на објавување на јавниот повик на ВЕБ СТРАНАТА на Град Скопје.

3.8 Барањето, изјавата и графички приказ на локациите може да се подигнат во Архивата на Град Скопје и барака број 11, канцеларија број 1, на булевар Илинден бр. 82, 1000 Скопје како и на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk .

3.9 Локациите за поставување на урбаната опрема ќе бидат наведени во координати, на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk со денот на објавувањето на јавниот повик.

| **Број** | **Точка** | **x** | **y** |
|---|---|---|---|
| 1 | Парк Г. Баба 1 | 7538170.90 | 4651280.91 |
| 2 | Парк Г. Баба 2 | 7538332.83 | 4651553.27 |
| 3 | Парк Г. Баба 3 | 7538333.33 | 4651458.55 |
| 4 | „Рајски парк“ 1 | 7540726.95 | 4649297.93 |
| 5 | „Рајски парк“ 2 | 7540872.23 | 4649211.14 |
| 6 | СРЦ Сарај 1 | 7528435.40 | 4650849.84 |
| 7 | СРЦ Сарај 2 | 7528502.66 | 4650833.45 |
| 8 | СРЦ Сарај 3 | 7528638.06 | 4650809.61 |
| 9 | СРЦ Сарај 4 | 7528784.47 | 4650855.85 |
| 10 | Кеј 1 | 7534174.81 | 4652012.62 |
| 11 | Кеј 2 | 7535302.77 | 4651854.88 |
| 12 | Кеј 3 | 7533111.81 | 4651767.62 |
| 13 | Парк 1 | 7535435.72 | 4651117.87 |
| 14 | Парк 2 | 7535462.53 | 4651138.98 |
| 15 | Парк 3 | 7535481.95 | 4651167.77 |
| 16 | Парк 4 | 7535497.71 | 4651191.91 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | Парк 5 | 7535399.05 | 4651274.11 |
| 18 | Парк 6 | 7535508.54 | 4651282.36 |
| 19 | Парк 7 | 7535438.84 | 4651324.28 |
| 20 | Парк 8 | 7535418.48 | 4651346.09 |
| 21 | Парк 9 | 7535182.85 | 4651300.50 |
| 22 | Парк 10 | 7535234.46 | 4651380.97 |
| 23 | Парк 11 | 7535286.49 | 4651468.84 |
| 24 | Парк 12 | 7535317.98 | 4651522.99 |
| 25 | Парк 13 | 7535275.33 | 4651584.79 |
| 26 | Парк 14 | 7535267.58 | 4651570.56 |
| 27 | Парк 15 | 7535232.03 | 4651594.14 |
| 28 | Парк 16 | 7535347.29 | 4651737.86 |
| 29 | Парк 17 | 7535209.43 | 4651603.59 |
| 30 | Парк 18 | 7534807.19 | 4651706.22 |
| 31 | Парк 19 | 7534841.75 | 4651885.64 |
| 32 | Парк 20 | 7534666.97 | 4651772.80 |
| 33 | Парк 21 | 7535507.43 | 4651041.09 |
| 34 | Парк 22 | 7535311.97 | 4651527.89 |
| 35 | Парк 23 | 7535141.03 | 4651616.22 |
| 36 | Парк 24 | 7535155.28 | 4651807.88 |
| 37 | Парк 25 | 7534966.04 | 4651923.57 |
| 38 | Парк 26 | 7534720.30 | 4651925.15 |
| 39 | Парк 27 | 7535354.92 | 4651402.54 |
| 40 | Парк 28 | 7535620.54 | 4651247.74 |
| 41 | Парк 29 | 7535012.62 | 4651714.01 |
| 42 | Парк 30 | 7535106.00 | 4651723.10 |
| 43 | Парк 31 | 7535142.23 | 4651794.85 |
| 44 | Парк 32 | 7535514.59 | 4651314.47 |

Координатите се од Националениот кооринатен систем на РСМ

*Барателот, може да аплицира најмногу за 3 (три) локации, наведени по приоритет.
*Барателот може да добие одобрение најмногу за 1 (една) локација.

3.10 Одобрението може да се одземе:

- доколку носителот на одобрението не ги обезбеди актите наведени во точка 3.6. од Јавниот повик
- доколку надлежните инспектори на Град Скопје утврдат дека носителот на одобрението не доаѓа редовно на површината за која има добиено одобрение.
- редовно не ја отстранува урбаната опрема на крајот на денот.

3.11 Барањето со целокупната документација од точка 3 потточка 3, треба да се достави преку архива на Град Скопје, до Сектор за комунални работи, со назнака - Јавен повик за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на урбана опрема

3.12 Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на Јавниот повик (во понатамошниот текст Комисија)

3.13 Комисијата е задолжена да ги разгледа поднесените барања и да му предложи на Градоначалникот на Град Скопје, листа со баратели кои ги исполнуваат условите од јавниот повик.

3.14 Доколку поднесените барања и доставената документација се неуредни (нечитливи) или некомплетни, Комисијата ќе ги отфрли како нецелосни и истите нема да ги разгледува, за што го известува Барателот. Рачно пополнетите пријави, нема да се разгледаат односно ќе се отфрлат.

3.15 Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на поднесениот предлог на Комисијата од потточка 3.13, ќе донесе Решение за избор на правни субјекти на кои ќе им се доделат локации за поставување на урбана опрема.

3.16 Заинтересираните субјекти или учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите од спроведената постапка во рок од 10 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите.

3.17 Град Скопје може да го поништи јавниот повик доколку:

- не е пристигната ниту една пријава/барање,
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат условите утврдени во точка 3 од јавниот повик,
- не се донесе решение за доделување на локации за поставување на урбана опрема, во рок утврден во потточката 3.16 на јавниот повик.

*Архивата на Град Скопје се наоѓа на адреса бул. Илинден бр.82, 1000 Скопје

Контакт: Сектор за комунални работи
тел: 02/3297-389

**ГРАД СКОПЈЕ**